Врз основа на член 28 став (8) и член 58 став (1) од Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на Република Македонија" бр.66/04, 139/08, 99/09, 149/14, 150/15, 37/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.257/20), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 8 март 2022 година, донесе

# О Д Л У К А
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРЕВЕНТИВНИ ПРЕПОРАКИ, ВРЕМЕНИ МЕРКИ, НАРЕДНИ МЕРКИ, НАМЕНСКИ ПРОТОКОЛИ, ПЛАНОВИ И АЛГОРИТМИ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ ЗА ЗАШТИТА НА ЗДРАВЈЕТО НА НАСЕЛЕНИЕТО ОД ЗАРАЗНАТА БОЛЕСТ COVID -19 ПРЕДИЗВИКАНА ОД ВИРУСОТ SARS-CoV-2, СЛУЧАИТЕ И ВРЕМЕНСКИОТ ПЕРИОД НА НИВНА ПРИМЕНА

## Член 1

Во Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредни мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.263/20, 269/20, 275/20, 287/20, 292/20, 298/20, 304/20, 306/20, 317/20, 13/21, 45/21, 53/21, 55/21, 58/21, 64/21, 65/21, 75/21, 87/21, 94/21, 100/21, 106/21, 109/21, 113/21, 116/21, 119/21, 126/21, 133/21, 139/21, 141/21, 146/21, 153/21, 162/21, 176/21, 187/21, 193/21, 199/21, 204/21, 220/21, 234/21 и 237/21, 242/21, 261/21 и 291/21), во член 13, точка 2., став 4 во алинејата 3 и став 5 во алинејата 2 бројот „45" се заменува со бројот „180".

Точката 9. се брише.

Точките 10. и 11. стануваат точки 9. и 10..

Во точката 12. која станува точка 11., став 1 во алинејата 2 бројот „45" се заменува со бројот „180".

Ставот 3 се брише.

Во точката 13., која станува точка 12., во ставот 2 по зборовите „посетители/гости/лица" запирката се заменува со точка, а зборовите до крајот на реченицата се бришат.

Точката 14. станува точка 13..

Во точката 15, која станува точка 14.во ставот 1, зборовите „влез/излез на/од" се заменуваат со зборовите „влез на".

Во алинејата 2 бројот „45" се заменува со бројот „180".

Во алинеите 3 и 4 зборовите „влез/излез на/од" се заменуваат со зборовите „влез на".

Во ставот 5 по зборовите „од оваа точка се" се додаваат зборовите „државјаните на Република Украина,".

**Член 2**

Прилогот број 65. и Прилогот број 72. се заменуваат со нов Прилог број 65. и Прилог број 72. кои се дадени во прилог и се составен дел на оваа одлука.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

**Бр.41-2085/1**
**8 март 2022 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**д-р Димитар Ковачевски**

Подготвил: м-р Марија Петровска
Проверил: д-р Стефан Волкановски / Катерина Јаневска
Контролирал: Љубица Р. Димовска / Снежана М. Пендовски
Согласен: Зоран Брњарчевски
Одобрил: Мухамед Зеќири